**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛИЦА СО ЦЕРЕБРАЛНА ПАРАЛИЗА И ДРУГИ ПОПРЕЧЕНОСТИ- ВЕЛЕС**
**За 2022 година**

## ВОВЕД

Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености- Велес (ЗЛЦПДП - Велес) е хуманитарна, непрофитна организација, формирана на 12.09.1997 година, од страна на родители на деца, млади и возрасни лица со попреченост. Првото име на невладината организација е „Здружение на родители на деца заболени од церебрална парализа"- Велес. Од 06.05.2011 година невладината организација се преименува во „Здружение на лица со церебрална парализа"- Велес, а од 25.03.2021 година е новиот назив „Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености- Велес. Во невладината организација членуваат деца, млади и возрасни лица со церебрална парализа, даунов синдром, аутизам, интелектуална попреченост и други попречености. Опфаќаме повеќе возрасни групи во нашето Здружение и се грижиме за секоја возрасна категорија да има соодветни услуги и активности кои може да им ги понудиме и со кои придонесуваме кон нивниот раст, развој и вклученост во заедницата. Покрај лицата со попреченост членови се и нивните родители и старатели, координатори и негуватели во рамки на социјалните сервисни услуги, како и надворешни членови се стручни лица (дефектолози, логопеди, психолози и др). Вкупниот број на членови е околу 100 члена и невладината делува од територија на Општините Велес, Градско и Чашка. ЗЛЦПДП- Велес ги црпи средствата за опстанок и делување од спроведувањето на проекти поддржани од страна на Влада на Р. С. Македонија, странските хуманитарни асоцијации кои во нас гледаат потенцијал и ја ценат нашата долгогодишна работа, како и поддршката од страна на локалната власт и бизнис секторот од градот.

## ВИЗИЈА И МИСИЈА на организацијата

**Визијата** на Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености - Велес е општество со еднакви можности за сите, без бариери и ограничувања.

**Мисијата** на Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености - Велее е помош на лицата со попреченост и поддршка на нивните семејства, интеграција на лицата со попреченост во општествениот живот, нивна социјализација и помош при остварување на правата од социјалната и здравствента област. Воедно, се занимаваме со промовирање и одржливост на социјални сервиси во заедницата за поддршка на лицата со попреченост.

**НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ**

**ВО ПЕРИОД ОД 2022 ГОДИНА**

Здружението располага со канцеларија во Општина Велес доделена од Локалната самоуправа и простор каде е оформен и делува Центар за социјална инклузија на лица со попреченост. Покрај родителите кои волонтерски се ангажираат во невладината, волонтерски и хонорарно активно работат и стручни лица како: дефектолози, психолози, тренер за компјутери, преведувач од англиски јазик, дипломиран економист, правник и др.

Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености- Велес, во изминатата година реализираше редовни состаноци, активности, рекреација и спорт, реализација на кофинансирани проекти.

Во текот на 2022 година беа организирани месечни состаноци за членовите на невладината организација, на крај од секој месец работниот тим елеборира за реализираните активности и план за наредниот месец. Во текот на целата година работевме на организација на работилници за изработка на: глинени производи, ликовни дела, поезија и проза како и учење на животни вештини.

Оваа година почнаа да се спроведуваат две социјални сервисни услуги. Од 18 јануари 2022 година почна да се спроведува услугата Живеење со поддршка, со што се отвори првиот мал групен дом во Град Велес, Општина Велес. Потоа следуваше отварањето на мал групен дом во Општина Градско на 12ти септември, додека мал групен дом во Башино Село, Општина Велес беше отворен на 28ми ноември. На 22ри декември е изработена лиценцата за отварање на четвртата куќа. Во рамките на оваа услуга се веќе згрижени 15 лица со попреченост, деинституционализирани со 24 часовна грижа од СЗ Демир Капија, а во периодов што следи ќе бидат деинституционализирани уште 5 лица од СЗ Демир Капија. Со оваа услуга се обезбедија 16, односно со отварањето на 4тиот мал групен дом, 21 редовно вработени лица, од кои еден социјален работник и 20 жени со средно и/или основно образование, како и еден хонорарно ангажиран физиотерапевт. Со ова правиме општествени промени за лицата со попреченост и подобрување на нивниот живот, како и зајакнување на економијата со унапредување на женските права и економска независност на жените.

Во рамки на спроведувањето на услугата Живеење со поддршка, ЗЛЦПДП – Велес соработуваше и со ЕПТИСА, со тоа што учествувавме во проектот за создавање и пилотирање на унифицирани документи и електронска датабаза за следење на давањето на сите социјални сервисни услуги од страна на МТСП, со што вработените во услугата Живеење со поддршка беа обучени и запознаени со овој нов метод на работа кој понатаму ќе се практикува.

Воедно, Здружението оваа година стана лиценциран давател на услугата Помош и нега во домот, во рамки на која од 5ти август се вработени 6 жени, од кои еден психолог-координатор на услугата и 5 жени со основно и/или средно образование, меѓу кои и 2 жени – мајки на лице со попреченост. Во рамки на спроведувањето на оваа мерка за вработување (7.2.) вкупно 9 жени поминаа обука за стручно доусовршување одобрено од Центар за образование на возрасни, со што се здобија со лиценца на давање негувателска услуга. Од 9те жени, 3 се мајки на лица со попреченост. Со оваа услуга се опфатени околу 20 лица со попреченост и 10 стари лица над 65 години кому е потребна оваа нега и помош во домот.

Во Здружението редовно се организираат дружби и средби по повод различни прослави, како што се прослави за празници (државни, верски) и прослави за родендени.

Спортот и рекреацијата се постојана потреба на лицата со попреченост и токму затоа во текот на сите три година организиравме спортски работилници наменети за „Бочија", посета на градскиот парк, возење трицикли, спорски активности на отворено со помош на реквизитите адаптирани за лица со попреченост во „Парк на срцата" на Езеро „Младост"

Здружението располага со опрема за производство и обработка на органски лековити билки како сушара на сончева енергија, дестилатор за етерични масла, материјали за 3 пластеника, мотокултиватор и друга придружна опрема за работа на поле. Насадивме невен, босилек, чубрика, нане и лаванда. Создаваме производи од органските лековити билки како: чај од невен, чај од нане, чај од босилек, торбички лаванда, тинктура од лаванда и невен, масло од невен и крема од невен за нега на кожа. Се надевам дека преку овој проект ќе успееме да формираме социјално претпријатие што ќе ни помогне во одржливост на социјалните сервисни услуги. Две лица со попреченост се работно ангажирани во рамки на Здружението, со што се потпомага работата со органските лековити билки. Воедно, лица со попреченост од социјалната сервисна услуга Живеење со поддршка и други лица – членови на Здружението се вклучуваат во работата со билките преку работилници кои за нив служат како хортикултурна окупациона терапија.

Во 2022 година се занимававме повторно со инклузивен туризам на езерото „Младост" преку „Паркот на срцата" и пристапна плажа. Беше организирано и летување во Извиднички камп – Охрид, како и повеќе еднодневни екскурзии за лицата со попреченост на територијата на Република С. Македонија.

На 13ти декември беше организиран и хуманитарно-продажниот настан „Уметноста во поддршка на лицата со попреченост" на кој околу 15 уметници без надокнада ги отстапија и донираа своите уметнички дела, кои потоа беа ставени на аукција. На настанот се продаваа и рачните изработки направени од членовите и вработените во Здружението, како и лицата со попреченост. Средствата од настанот се наменети за финансиската одржливост и поддршка на услугата Живеење со поддршка.

## СТРАТЕШКИ И ПРОГРАМСКИ ОПРЕДЕЛБИ НА ЗЛЦПДП- ВЕЛЕС

ЗЛЦПДП- Велес разви стратегија за работа на организацијата за период од четири години 2020-2025 година. Со оваа стратегија невладината организација проактивно ќе работи да се создаваат еднакви услови и можности за сите граѓани, вклучително лицата со попреченост, каде млади со попреченост и девојки со попреченост се значајни поткатегории.

Стратегијата за работа е базирана на „Конвенцијата за правата на лицата со попреченост“ и Факултативниот протокол кон неа, кои се усвоени на Генералното Собрание на Обединетите Нации на 13 декември 2006 година и влегоа во сила на 3 мај 2008 година.

Конвенцијата за правата на лицата со попреченост е првиот обврзувачки акт во доменот на меѓународното право за правата на човекот во 21 век.Со Конвенцијата, прашањето на попреченоста и официјално е признаено како прашање на човекови права.

Здружение на лица со церебрална парализа- Велес направи анализа на проблемите и потребите на лицата со попреченост на територија на Општина Велес и ја идентификуваше следната листа на проблеми во седум области:

### ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНА СВЕСТ

- ✓ Неинформирана јавност за предизвиците и потребите на лицата со попреченост
- ✓ Неинформирана јавност за предизвиците и потребите на младите со попреченост
- ✓ Ниско ниво на свест кај јавите институции кои работат со лица со попреченост
- ✓ Неприфаќање на децата, младите и возрасните лица со попреченост од средината
- ✓ Неинформираност на граѓаните и институциите за комуникација со глуви и слепи млади и возрасни
- ✓ Неинфорираност на лицата со попреченост за своите права од социјалната и здравствена заштита

### АРХИТЕКТОНСКИ БАРИЕРИ

- ✓ Непочитување на постоечката законска регулатива
- ✓ Неадаптирани пристапи до јавните објекти
- ✓ Неадаптирани образовни институции
- ✓ Неадаптирани тротоари и пешачки премини
- ✓ Неадаптирани влезови во стамбени згради и недостапност на погорните катови

- ✓ Непочитување на одбележани паркинг места за лица со попреченост
- ✓ Неадаптирани тоалети во образовни и други институции од јавен карактер
- ✓ Непостоење на соодветна сообраќајна сигнализација за лицата со попреченост

**ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ**

- ✓ Необучени лица за комуникација со глуви лица
- ✓ Неадаптирани форми за информации за слепи лица
- ✓ Неадаптирани форми на информации за лица со интелектуална попреченост
- ✓ Непостоење локално гласило за лица со попреченост
- ✓ Непостоење на адекватна конпјутерска опрема за пристап до информации во постоечки е- точки(храдвер и софтвер)
- ✓ Непостоење пристап до информации во руралните средини

**СЕРВИСНИ СОЦИЈАЛНИ СЛУЖБИ**

- ✓ Недоволна искористеност на постоечките невладини сервисни служби од страна на општината и институциите
- ✓ Некоординираност помеѓу постоечките сервисни служби
- ✓ Непостоење на доволно згрижувачки домови за самостојно живеење на лицата со попреченост
- ✓ Дневниот центар за лица со попреченост не ги задоволува целосно потребите на лицата со попреченост

**ЗДРАВСТВО**

- ✓ Непостоење на специјализирана физикална терапија за деца, млади и возрасни лица со попреченост
- ✓ Некоординираност и недоволна соработка на медицинските служби за лицата со попреченост

**ОБРАЗОВАНИЕ**

- ✓ Нецелосна опфатеност на децата и младите со попреченост во образовниот систем
- ✓ Доразвивање на дефектолошките служби во општинските училишта за работа со деца и млади со попреченост вклучени во редовна настава
- ✓ Опремување на кабинети со помагала и дидактички материјали

**КУЛТУРА, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**

- ✓ Недоволна вклученост на лицата со попреченот во културниот живот
- ✓ Недоволна вклученост на лицата со попреченост во спортот
- ✓ Недоволна вклученост на лицата со попреченост во рекреација

Здружение на лица со церебрална парализа- Велес, водејќи се од своите статутарни определби и почитувајќи ја „Конвенцијата за правата на лицата со попреченост“ која Р. С. Македонија ја има потпишано и ратификувано во 2011 година, својата понатамошна стратешка определба на делување во наредните четири години ја насочува кон подобрување на:

- Подигнување на јавна свест
- Архитектонски бариери
- Пристап до информации
- Социјални сервисни услуги
- Здравство
- Образование
- Култура, спорт и рекреација

Здружение на лица со церебрална парализа- Велес во периодот од 2020-2025 година своите проектни активности и иницијативи ќе ги насочи кон решавање на прашањата таргетирани во седумте приоритетни области.

**23ти Декември 2022**

**Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености- Велес**

**Претседател: Далиборка Златева**